Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ бр. 11/21
21.04. 2021 година
Кратово

До Основен суд Кратово
(имател на информацијата)

**Б А Р А Ње**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/19"), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Број на случаи со утврдена дискриминација по основ на род/ пол од областа на работните односи, разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2018-2020 година.
2. Број на покренати постапки од областа на работните односи - дискриминација по основ на род/ пол разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2018-2020 година.
3. Број на поднесени тужби за вознемирување на работно место разделени по пол на странката –тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2018-2020 година.
4. Број на поднесени тужби за дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.
5. Број на случаи со утврдена дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум-20.04.2021 година

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.11/21-2
21.04.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по е-маил на ден 21.04.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка во АКМИС системот Ви ги доставуваме следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема случаи каде што е утврдена дискриминација по основ на род/пол од областа на работните односи.
2. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема покренати постапки за дискриминација по основ на род/пол од областа на работните односи.
3. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година има поднесено 1 (една) тужба за вознемирување на работно место, каде што тужителот е од машки пол, а тужени се две лица од женски пол. Тужбата на тужителот е одбиена како неоснована.
4. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема поднесено тужби за дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.
5. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема случаи каде што е утврдена дискриминација по основ на бременост, мајчинство и родителство.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово